АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Врз основа на член 22, став 8 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/2014, 199/2014 и 27/2016), а во согласност со член 22, став 1, точка 1 и член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2005, 106/2008...119/2016), Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС

за вработување на 28 извршители на определено време и тоа:

1. **Раководител на одделение за јавни набавки**, одделение за јавни набавки, сектор за општи и правни работи – 1 (еден) извршител.
   Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:
   - ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на економски науки, организациски науки и управување (менаџмент) или правни науки,
   - најмалку **четири години** работно искуство во струката од кои најмалку **две години** работно искуство со ЕУ фондови (ИПА) и најмалку **една година** работно искуство на работно место во јавен сектор и
   - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и активно познавање на англиски јазик.

   Просечна месечна бруто плата: приближно 45.761,00 денари.
2. **Советник за управување со база на референтни цени**, одделение за база на референтни цени, сектор за регистри – 1 (еден) извршител.
   Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:
   - ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од

полето на машинство, наука за земјиштето и хидрологија (економика на земјоделството и развој) или економски науки,
- најмалку **три години** работно искуство во струката од кои најмалку **една година** работно искуство со ЕУ фондови (ИПА) и
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и активно познавање на англиски јазик.

Просечна месечна бруто плата: приближно 41.313,00 денари.

3. **Советник за дизајнирање на бази на податоци**, одделение за бази на податоци, сектор за информатичка и комуникациска технологија – 1 (еден) извршител.
   Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:
   - ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на информатика, електротехника или компјутерска техника и информатика,
   - најмалку **три години** работно искуство во струката и
   - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и активно познавање на англиски јазик.

   Просечна месечна бруто плата: приближно 41.313,00 денари.

4. **Советник за реализација на јавни набавки**, одделение за јавни набавки, сектор за општи и правни работи – 1 (еден) извршител.
   Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:
   - ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на економски науки, организациски науки и управување (менаџмент) или правни науки,
   - најмалку **три години** работно искуство во струката и
   - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и активно познавање на англиски јазик.

   Просечна месечна бруто плата: приближно 41.313,00 денари.

5. **Советник за контрола на градежни објекти**, одделение за контрола на мерките финансирани од Буџетот на ЕУ, сектор за контрола на терен – 1 (еден) извршител.

   Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

   - ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на архитектура, урбанизам и планирање или градежништво,
   - најмалку **три години** работно искуство во струката од кои најмалку **една година** работно искуство со ЕУ фондови (ИПА) и
   - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и активно познавање на англиски јазик..

   Просечна месечна бруто плата: приближно 41.313,00 денари.

6. **Виш соработник за развој на информациони системи**, одделение за информациони системи, сектор за информатичка и комуникациска технологија – 1 (еден) извршител.

   Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

   - ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на информатика, електротехника или компјутерска техника и информатика,
   - најмалку **две години** работно искуство во струката и
   - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и активно познавање на англиски јазик.

   Просечна месечна бруто плата: приближно 36.201,00 денари.

7. **Виш соработник за извршување на контрола**, одделение за контрола на мерките од националните програми за рурален развој, рибарство и аквакултура, сектор за контрола на терен – 1 (еден) извршител.

   Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

   - ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на технологија на прехранбени производи, растително производство или ветеринарна медицина,

- најмалку **две години** работно искуство во струката и
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и активно познавање на англиски јазик..

Просечна месечна бруто плата: приближно 36.201,00 денари.

8. **Помлад соработник за извршување на буџетот на Агенцијата**, одделение за буџетска координација, сектор за финансиски прашања – 1 (еден) извршител.

   Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

   - ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на економски науки или организациони науки и управување (менаџмент),
   - без работно искуство во струката и
   - познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и познавање на англиски јазик.

   Просечна месечна бруто плата: приближно 32.573,00 денари.

9. **Помлад соработник за внесување на податоци**, одделение за единствен регистар на земјоделски стопанства, сектор за регистри – 1 (еден) извршител.

   Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

   - ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на економски науки или правни науки,
   - без работно искуство во струката и
   - познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и познавање на англиски јазик.

   Просечна месечна бруто плата: приближно 32.573,00 денари.

10. **Помлад соработник за поддршка на одржувањето на базите на податоци**, одделение за бази на податоци, сектор за информатичка и комуникациска технологија – 1 (еден) извршител.

    Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

    - ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од

полето на електротехника, компјутерска техника и информатика или телекомуникационо инженерство,
- без работно искуство во струката и
- познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и познавање на англиски јазик.

Просечна месечна бруто плата: приближно 32.573,00 денари.

11. **Помлад соработник за поддршка на корисниците на базите на податоци**, одделение за бази на податоци, сектор за информатичка и комуникациска технологија – 1 (еден) извршител.

    Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:
    - ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на електротехника, компјутерска техника и информатика или телекомуникационо инженерство,
    - без работно искуство во струката и
    - познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и познавање на англиски јазик.

    Просечна месечна бруто плата: приближно 32.573,00 денари.

12. **Помлад соработник за имплементација на мерките што се спроведуваат според PRAG**, одделение за јавни набавки, сектор за општи и правни работи – 2 (два) извршители.

    Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:
    - ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) или правни науки,
    - без работно искуство во струката и
    - познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и познавање на англиски јазик.

    Просечна месечна бруто плата: приближно 32.573,00 денари.

13. **Помлад соработник за книжење на сметководствена документација**, одделение за сметководство, сектор за финансиски прашања – 1 (еден) извршител.

    Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

    - ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на економски науки или организациони науки и управување (финансиски или сметководствен менаџмент),
    - без работно искуство во струката и
    - познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и познавање на англиски јазик.

    Просечна месечна бруто плата: приближно 32.573,00 денари.

14. **Помлад соработник за подготовка и извршување на контрола на електрични инсталации**, одделение за контрола на мерките финансирани од буџетот на ЕУ, сектор за контрола на терен – 1 (еден) извршител.

    Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

    - ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на електротехника или телекомуникационо инженерство,
    - без работно искуство во струката и
    - познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и познавање на англиски јазик.

    Просечна месечна бруто плата: приближно 32.573,00 денари.

15. **Помлад соработник за подготовка и преглед на документација**, одделение за одобрување на плаќања од мерките финансирани од Буџетот на РМ, сектор за одобрување на исплата – 2 (два) извршители.

    Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

    - ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на од полето на наука за земјиштето и хидрологија (економика на земјоделството и развој), добиточно производство (сточарство) или економски науки,

- без работно искуство во струката и
- познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и познавање на англиски јазик.

Просечна месечна бруто плата: приближно 32.573,00 денари.

16. **Помлад соработник за подготовка и преглед на документација**, одделение за развој на руралните средини, сектор за одобрување на проекти – 2 (два) извршители.

    Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

    - ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на технологија на прехранбени производи, наука за земјиштето и хидрологија или економски науки,
    - без работно искуство во струката и
    - познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и познавање на англиски јазик.

    Просечна месечна бруто плата: приближно 32.573,00 денари.

17. **Помлад соработник за подготовка и преглед на документација**, одделение за одобрување на инвестиции во преработка и маркетинг на земјоделски производи – 2 (два) извршители.

    Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

    - ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на наука за земјиштето и хидрологија (економика на земјоделството и развој), растително производство или економски науки,
    - без работно искуство во струката и
    - познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и познавање на англиски јазик.

    Просечна месечна бруто плата: приближно 32.573,00 денари.

18. **Помлад соработник за подготовка и преглед на документација**, одделение за подобрување на конкурентноста на земјоделството, сектор за одобрување на проекти – 2 (два) извршители.

Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

- ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на наука за земјиштето и хидрологија (економика на земјоделството и развој), добиточно производство (сточарство) или организациони науки и управување (менаџмент),
- без работно искуство во струката и
- познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и познавање на англиски јазик.

Просечна месечна бруто плата: приближно 32.573,00 денари.

19. **Помлад соработник за преглед на документација**, одделение за директни плаќања за растително производство, сектор за директни плаќања – 2 (два) извршители.

Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

- ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на наука за земјиштето и хидрологија (економика на земјоделството и развој), економски науки или организациони науки и управување (менаџмент),
- без работно искуство во струката и
- познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и познавање на англиски јазик.

Просечна месечна бруто плата: приближно 32.573,00 денари.

20. **Помлад соработник за преглед на документација**, одделение за директни плаќања за сточарско производство, сектор за директни плаќања – 2 (два) извршители.

Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

- ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на наука за земјиштето и хидрологија (земјоделско инжинерство или економика на земјоделството и развој) или организациони науки и управување,

- без работно искуство во струката и
- познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и познавање на англиски јазик.

Просечна месечна бруто плата: приближно 32.573,00 денари.

21. **Помлад соработник - ревизор на обука**, одделение за ревизија на мерките финансирани од Буџетот на ЕУ, сектор за внатрешна ревизија – 1 (еден) извршител.

    Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

    - ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на економски науки или организациони науки и управување (менаџмент),
    - без работно искуство во струката и
    - познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и познавање на англиски јазик.

    Просечна месечна бруто плата: приближно 32.573,00 денари.

Секој од кандидатите за наведените работни места, покрај наведените услови, треба да ги исполнува и општите услови за вработување наведени во член 31 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и тоа:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место на кое конкурира и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Работната недела трае 5 работни дена, од понеделник до петок. Полното работно време на работникот изнесува 40 часа неделно, а во текот на работниот ден ќе трае 8 часа и тоа со почеток од 08:30 часот до 16.30 часот.

**Сите објавени работни места се на определено време со времетраење до 31.12.2018**

**година. Со избраните кандидати ќе се скучи договор за вработување на определено време, со можност за негово продолжување.**

**Пред склучување на договор, избраните кандидати ќе бидат тестирани за познавање на англиски јазик и работа со компјутерски програми за канцелариско работење (MS Office).**

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

**Потребни документи за аплицирање:**

- кратка биографија на македонски јазик (CV),
- уверение за завршено соодветно образование (копија) и
- уверение за државјанство (копија).

**Документите е потребно да бидат испратени на следната адреса**:

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, бул. 3-та Македонска бригада број 20 (зграда на Македонија табак, блок Ц), 1000 Скопје, Република Македонија или лично во Писарницата на Агенцијата.

**Краен рок за поднесување на документи е 23.02.2018 година.**

Ненавремената и некомплетна документација нема да биде разгледувана.

Изборот на лицата кои ќе засноваат работен однос на определено време во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ќе се изврши во рок од 45 дена од денот на истекот на рокот за пријавување.

**Се охрабруваат сите кандидати кои сметаат дека се способни, мотивирани за тимска работа и ги исполнуваат условите да аплицираат на овој оглас.**

**Напомена: Сите апликации ќе бидат внимателно разгледувани од страна на Комисија на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Кандидатите кои ги исполнуваат потребните услови и имаат уредна апликација ќе бидат контактирани.**

*Повеќе информации за дејноста на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој може да се најдат на www.ipardpa.gov.mk*